РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 01 - 1988/1
20.04. 2026 год.
ВЕЛЕС

ОПШТИНА ВЕЛЕС

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и одредбите од Законот за спречување на корупција и судир на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/2019), Градоначалникот на Општина Велес донесе

# ПРАВИЛНИК

за управување со судир на интереси и пријавување на дополнителен ангажман за службените лица во Општина Велес

## Општи одредби

### Член 1

Со овој правилник се уредува управувањето со судирот на интереси во Општина Велес.

Правилникот го дефинира судирот на интереси, видовите на судир на интереси, преземањето на превентивни мерки и други активности за спречување на неговото појавување во општината и начинот на пријавување на дополнителен ангажман на службените лица во Општина Велес.

Овој правилник се однесува на: градоначалникот, советниците во Советот на општината, лицата именувани од нив и вработените во општинската администрација.

## Судир на интереси, видови, превентивни мерки

### Член 2

Под „судир на интереси“ се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасно вршење на неговите јавни овластувања или службени должности. Судирот на интереси се однесува на ситуација во која непристрасноста и објективноста на одлуката, мислењето или препораката што ги донесува службеното лице во извршувањето на својата должност и јавно овластување, е или може да биде компромитирана од приватниот интерес на службеното лице.

Под поимот „службено лице“ се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор. „Јавно овластување“ значи овластување кое е пренесено од државата или локалната самоуправа на одредено лице да врши работи од јавен интерес, додека „службена должност“ значи збир на обврски што едно лице е должно да ги преземе, а кои произлегуваат од извршувањето на одредена функција или професија или службената положба на тоа лице.

Под поимот „корист“ се подразбира остварување на секој вид материјална или нематеријална, придобивка, погодност или предност за себе или за друг.

Приватен интерес“ е секоја придобивка - остварување на каква било материјална или нематеријална корист, поволност или предност за себе или за друг во вршењето на јавните овластувања или службени должности.

Под поимот „интегритет“ се подразбира законито, професионално, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работите со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорни лица односно вработени, ги елиминираат ризиците и го отстрануваат сомневањето во можноста од настанување и развој на корупција или судир на интереси и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции.

Под поимот „семејство“ во смисла на овој правилник, се подразбира брачниот другар, вонбрачниот другар, децата, родителите, браќата и сестрите и други роднини со кои службеното лице живее во заедничко домаќинство.

Под поимот „блиски лица“ се подразбираат лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврт степен, роднините по сватовство до втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има финансиски интерес.

**Член 3**

Согласно Политиката за интегритет на Општина Велес, во извршувањето на своите овластувања и должности, градоначалникот, членовите на Советот и сите вработени во општинската администрација ги почитуваат начелата на законитост, еднаквост и јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на било кој и работат во насока на целосно почитување на јавниот интерес.

При извршувањето на овластувањата и должностите, внимаваат да не се стават во состојба на судир на интереси и притоа не смеат да се раководат од лични, семејни, верски, партиски или етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице.

Никој не смее да ја користи функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за извршување или пропуштање на дејствие што, според закон, не смее или мора да го изврши, ниту да го подреди извршувањето на законито дејствие на својот личен интерес, ниту на интересот на друго лице.

**Член 4**

Судирот на интереси може да се јави во три облици, односно појавни форми: реален (фактички), привиден (претпоставен) и потенцијален.

Реален судир на интереси подразбира директен судир помеѓу јавните овластувања и службените должности на службеното лице и неговиот приватен интерес.

Привиден судир на интереси подразбира ситуација која може да се перцепира од страна на други лица дека приватните интереси на службеното лице би можеле несоодветно да влијаат врз извршувањето на неговите службени должности, односно дека способноста на службеното лице да го заштити јавниот

интерес или да врши јавно овластување е компромитирана од личен, финансиски или деловен интерес.

Привидниот судир на интереси се однесува на ситуација каде што постои личен интерес за кој другите разумно сметаат дека може да влијае на извршувањето на службените должности на службеното лице, иако, всушност, не мора да постои такво несоодветно влијание или воопшто нема влијание.

Потенцијален судир на интереси подразбира ситуација во која службеното лице има приватен интерес што би можел во иднина да го доведе во состојба на судир на интереси поврзано со вршењето на неговите јавни овластувања или службени должности.

## Забрани и ограничувања на службените лица за спречување на судирот на интереси

### Член 5

Службеното лице не смее да влијае за вработувањето или унапредувањето на блиско лице во органот во кој е избрано или именувано како јавен функционер, или во друг државен орган, јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал, над кој надзор врши органот во кој е избрано или именувано лицето.

### Член 6

Согласно член 44 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси, избрано или именувано лице за време на траењето на неговиот мандат е должно да ги почитува правилата за неспоивост на функцијата која ја врши со други функции или дејности утврдени со Уставот и законите.

Избрано или именувано лице не може истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно

претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал.

Избрано или именувано лице не може да врши функција на член на управен одбор или на друг орган на управување во трговско друштво или друго правно лице што се занимава со дејност со која се остварува профит.

На службено лице кое е вработено во локалната администрација, ако биде избрано за член на совет на општина, работниот однос му мирува согласно закон, со денот на верификацијата на мандатот на член на совет.

### Член 7

Лице кое стапува на функција на избрано или именувано лице, со исклучок на лицата кои стапуваат на функција која не се извршува професионално, доколку управува со трговско друштво или установа како сопственик, е должно пред да стапи на функцијата управувањето да му го довери на друго лице или тело, освен на членови на неговото семејство, за времето на вршењето на функцијата, јавните овластувања или должности.

Секое избрано или именувано лице, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал е должно во рок од 30 дена од денот на стапување на функција до институцијата, односно органот во кој ја врши функцијата да ги пријави правните лица во негова сопственост, во кои има акции или удели или управувачка функција. Органот е должен овие податоци јавно да ги објави.

### Член 8

Службено лице во вршењето на својата функција, јавни овластувања или должности не може да воспостави деловни односи со правно лице кое е во негова сопственост или во сопственост на член на неговото семејство или во кое тој или член на неговото семејство поседува акции или удели или кое го основал тој или член на неговото семејство или во кое одговорното лице е член на неговото семејство.

**Член 9**

Службено лице не смее да врши незаконито влијание во постапка за јавна набавка, како и кога врз основа на јавен конкурс, оглас или лицитација се одлучува за давање на одобренија, концесии, контингенти или дозволи за вршење на стопанска или друга профитна дејност.

**Член 10**

Службено лице не смее да ги користи информациите со кои располага во вршењето на функциите, јавните овластувања и службени должности за остварување корист или предност за себе или за друг. Службеното лице не смее да држи во тајност податоци кои мораат да бидат објавени или да бара пристап кон податоци за кои се знае дека не е овластен да ги добие или да се однесува несовесно кон чувањето на податоците што претставуваат тајна согласно со закон.

**Член 11**

Правно лице чиј основач или сопственик било или е избрано или именувано лице или чиј основач или сопственик е или било член на неговото семејство или во кое член на неговото семејство е одговорно лице или во кое избрано или именувано лице односно член на неговото семејство, поседува удели или акции не може да биде корисник на грант, заем односно финансиска поддршка од државата или од единица на локалната самоуправа.

## Постапување во случај на постоење судир на интереси

**Член 12**

Службеното лице е должно во своето работење да внимава на потенцијален судир на интереси и да презема мерки за негово одбегнување.

**Член 13**

Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот

приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.

**Член 14**

Во случај на постоење на сомневање за судир на интереси, службеното лице е должно да побара мислење од Државната комисија за спречување на корупција.

**Член 15**

Ако службеното лице учествува во расправа на орган или тело во кое се одлучува за работи за кои тоа или блиско лице има приватен интерес, службеното лице е должно да го пријави постоењето на приватниот интерес и да се изземе пред расправата и одлучувањето, а најдоцна пред почетокот на одлучувањето.

Органот или телото на чија седница лицето го соопштило постоењето на приватен интерес е должно тоа да го констатира и внесе во записник.

Прикривање на постоење на приватен интерес од страна на службено лице претставува повреда на должноста и основа за покренување на постапка за утврдување на одговорност и изрекување на соодветна мерка.

**Член16**

Согласно член 44 од Законот за локална самоуправа, членот на советот не може да учествува во процесот на одлучувањето за прашања во кои тој или неговиот брачен другар, дете или роднина до втор степен странична линија има финансиски или друг личен интерес. Должен е да го информира советот за прашањата за кои тој има финансиски или друг личен интерес.

На службено лице кое е вработено во локалната администрација, ако биде избрано за член на совет на општина, работниот однос му мирува согласно со закон, со денот на верификацијата на мандатот на член на совет.

Членот на советот вработен во јавните служби кои ги основала општината, не може да учествува во процесот на одлучувањето за прашања што се однесуваат на јавната служба во која е вработен

**Член 17**

Службеното лице кое учествува или одлучува во постапка за избор, именување или вработување или е вклучено како член на тело што ја спроведува таа постапка е должно да го извести раководното лице во органот, односно институцијата каде што службеното лице врши јавни овластувања за сите постапки што можат да предизвикаат судир на интереси.

Во случај на сомневање за постоење на судир на интереси, службеното лице и раководното лице можат да побараат мислење од Државната комисија за спречување на корупција.

**Член 18**

Градоначалникот со решение назначува лице за контакт на службените лица за совети и консултации во врска со постоење на судир на интереси (лице за интегритет).

Каков било фактички, потенцијален или привиден (претпоставен) судир на интерес може да се пријави кај лицето за интегритет.

Лицето за интегритет изготвува годишен план за обука на службените лица во врска со детектирање и преземање на мерки за отстранување на негативни последици од појава на судир на интереси,и истите ги реализира во соработка со раководството.

**Член 19**

Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување. Во барање за изземање се образложува во што се состои приватниот интерес кој доведува до состојба на судир на интереси, односно причините поради кои се бара изземање, со наведување на детални податоци/информации, за да може да се направи нивна проверка. (Во Прилог е Образец 1 - Барање за изземање).

Службеното лице ќе биде изземено од вршењето на определено дејствие со одлука на органот во кој е избрано или именувано, односно каде што врши функции, јавни овластувања или службени должности и по барање на заинтересирано лице

кое дознало за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси. (Во прилог е Образец 2 - Одлука за изземање)

### Пријавување на дополнителен ангажман

**Член 20**

Согласно член 44 од Законот за спречување на корупција и судир на интереси, службено лице може да остварува приходи од научни, наставни, културни, уметнички и спортски активности и приходи од авторски, патентни и слични права, интелектуална и индустриска сопственост, освен ако со закон не е поинаку определено.

**Член 21**

Доколку службено лице паралелно со извршување на службените должности, добие понуда за ангажман од друга институција, компанија или ангажман на одреден проект кој е од јавен интерес, тогаш службеното лице е должно тоа да го пријави до лицето за интегритет на Општина Велес, со доставување на писмено барање за дополнителен ангажман. (Во прилог е Образец 3 - Барање за дополнителен ангажман)

Во прилог на доставеното барање, службеното лице мора да потпише и изјава за непостоење на судир на интереси при дополнително ангажирање. (Во прилог е Образец 4 - изјава за непостоење на судир на интереси).

Лицето за интегритет ќе го оцени барањето за дополнителниот ангажман од аспект на тоа дали постои потенцијален судир на интереси при неговото реализирање и ќе го извести одговорното лице од повисоко ниво на хиерархија што треба да го одобри дополнителниот ангажман.

Лицето за интегритет и одговорното лице од повисоко ниво на хиерархија може да побараат мислење од Државната комисија за спречување на корупција во врска со оправданоста на бараниот дополнителен ангажманна службеното лице, за да се донесе соодветна и правно издржана одлука за натамошно постапување.

Доколку не се утврди постоење на судир наинтереси, барањето се одобрува со соодветна согласност од Градоначалникот, согласно Законот за работните односи.

**Член 22**

Дополнителниот ангажман службеното лице може да го врши исклучиво надвор од редовното работно време, без користење на простории, опрема или ресурси на Општината.

Вршењето на дополнителен ангажман за време на редовното работно време како и користењето на ресурси на Општината за остварување на дополнителни приходи се смета за дисциплинска повреда и повлекува соодветни дисциплински мерки.

Службените лица кои вршат дополнителни ангажмани, се должни пред отпочнување на дополнителната работа да доставaт писмена изјава до Одделението за управување со човечки ресурси, со која потврдуваат дека дополнителната работа нема да се извршува во редовното работно време и нема да се користат ресурси на Општината (Во прилог е Образец 5 - Изјава за дополнителен ангажман)

**Член 23**

Избрано или именувано лице, одговорно лице во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице што располага со државен капитал, административен службеник од категоријата А утврдена со закон, при изборот, именувањето, назначувањето, односно вработувањето, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на изборот, именувањето, назначувањето односно вработувањето поднесува изјава за имотна состојба и интереси.

Лицето од ставот (1) на овој член има обврска да поднесе изјава за имотна состојба и интереси и во рок од 30 дена од денот на престанувањето на функцијата односно вработувањето.

Лицето од ставот (1) на овој член изјавата за имотна состојба и интереси ја доставува до Државна комисија за спречување на корупција.

Лицето од ставот (1) на овој член е должно во рок од 30 дена да го пријави секое зголемување на неговиот имот, односно на имотот на член на неговото семејство, во вредност што надминува износ од дваесет просечни нето плати во претходниот тримесечен период, како и промена на интереси.

**Преодни и завршни одредби**

**Член 24**

Преземањето на превентивни мерки и активности за спречување на судир на интереси е регулирано со Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Закон за локалната самоуправа, Закон за вработените во јавниот сектор, Закон за административни службеници, Закон за јавни набавки и други позитивни законски прописи.

Етичките стандарди и правила на однесување на административните службеници се пропишани со Кодекс на административни службеници („Сл. весник на РМ"бр.183/2014).

Административниот службеник, при вработувањето во службата, потпишува изјава за прифаќање на Декларацијата за заедничката мисија на вработените во јавниот сектор.

**Член 25**

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавен на веб страницата на Општина Велес.

Градоначалник на
Општина Велес

Марко Колев

Образец 1 – Барање за изземање

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Северна Македонија
Општина Велес
бр.

До
Лице за интегритет

______________________________

Предмет: Барање за изземање

Врска: Предмет бр. ____________________

Јас, ____________________________
(Име и презиме)

______________________________________________________________________
(работно место/одделение/сектор)

Согласно член 75 став (1) од Законот за спречување на корупција и судир на интереси („Службен весник на РМ" бр.12/2019), барам да бидам изземен/а од натамошното постапување/одлучување по предметот од областа на ______________________________ со бр. ______________________________ , а поради постоење околности на судир на интереси / потенцијален судир на интереси.

Изземањето го барам од следните причини:
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________

Велес, ______________
(датум)

______________________
(Потпис)

Образец 2 – Одлука за изземање

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Северна Македонија
Општина Велес

Врз основа на член 75 став (2) од законот за спречување на корупцијаи судирот на интереси („Службен весник на РМ“ бр.12/2019), Градоначалникот на Општина Велес на ден __________, донесе

ОДЛУКА
За изземање

Барањето за изземање бр. ______________ од ______________ поднесено од лицето

______________________, ______________________________________

(име и презиме) (работно место/одделение/сектор)

СЕ УВАЖУВА.

Лицето од став 1 на оваа одлука се ИЗЗЕМА од натамошното постапување/ одлучување по предметот од областа на ______________________________
со бр. ___________

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

*Образложение*

До лицето за интегритет на Општина Велес од страна на:

______________________, ______________________________________

(име и презиме) (работно место/одделение/сектор)

доставено е барање за изземање бр. ______________ од ______________ година.

Во барањето за изземање лицето од став 1 од диспозитивот на оваа одлука бара да биде изземено поради постоење на околности за судир на интереси/потенцијален судир на интерес, од следните причини:
______________________________________________________________
______________________________________________________________

Лицето за интегритет го разгледа барањето за изземање и утврди дека наведените околности потврдуваат дека кај лицето од став 1 од диспозитивот на оваа одлука постои приватен интерес кој може да го доведе во состојба на судир на интерес/потенцијален судир на интерес при вршењето на неговите јавни овластувања/службени должности и се основ за изземање на лицето од натамошното постапување/одлучување по предметот наведен во став 2 од диспозитивот на оваа одлука. Поради горенаведеното, а согласно член 75 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РМ бр.12/2019“), Градоначалникот одлучи како во диспозотивот на оваа одлука.

Лице за интегритет

______________________

Општина Велес
Градоначалник,

______________________

Образец 3 – Барање за дополнителен ангажман

**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**MUNICIPALITY OF VELES**

Република Северна Македонија
Општина Велес
бр.

До
Лице за интегритет

______________________________

*(име и презиме)*

Предмет: Барање за дополнителен ангаман

Од:. ____________________________
*(име и презиме)*

________________________________________________________________________

(работно место/одделение/сектор)

Почитуван/а

Согласно член 21 од Правилник за управување со судир на интереси и пријавување на дополнителен ангажман за службените лица во Општина Велес
бр. ________________, го доставувам барањето за дополнителен ангажман од кој остварувам дополнителни приходи:

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

________________________________________________________________________

*(опис на ангажманот)*

Доколку ви се потребни дополнителни информации за ангажманот, стојам на располагање.

Велес, ________________
(датум)

__________________________
(Потпис)

Образец 4 – Изјава за непостоење на судир на интереси

**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**MUNICIPALITY OF VELES**

---

Република Северна Македонија
Општина Велес
бр.

До
Лице за интегритет

______________________________

*(име и презиме)*

Предмет: Изјава за непостоење на судир на интереси

Од:. ____________________________
*(име и презиме)*

________________________________________________________________________

(работно место/одделение/сектор)

Почитуван/а

Согласно член 21 од Правилник за управување со судир на интереси и пријавување на дополнителен ангажман за службените лица во Општина Велес бр. ______________, ве известувам дека за дополнителниот ангажман пријавен со Барање бр. ___________ **не постои судир на интереси.**

Доколку ви се потребни дополнителни информации за ангажманот, стојам на располагање.

Велес_______________
(датум)

______________________________
(Потпис)

Образец 5 – Изјава за дополнителен ангажман

ОПШТИНА ВЕЛЕС
MUNICIPALITY OF VELES

Република Северна Македонија
Општина Велес
бр.

До:
Одделение за управување со човечки ресурси

Од:

______________________________

*(име и презиме)*

________________________________________________________________

(работно место/одделение/сектор)

**Предмет: Изјава за дополнителен ангажман**

**Изјава**

Јас, долупотпишаниот/ата ________________________________________ , вработен/а во Општина Велес на работно место ________________________________________ изјавувам дека дополнителниот ангажман што ќе го извршувам, нема да се врши во текот на редовното работно време, утврдено согласно актите на Општината, ниту пак при тоа ќе се користат материјалним технички или човечки ресурси на Општина Велес.

Изјавата ја давам совесно и под целосна морална и материјална одговорност.

Велес______________
(датум)

________________________
(Потпис)